	3	Геодетски услуги (протоколи, нумерички и ажурирани пологи)	1.000.000
Ф30		**Уредување на простор во рурални подрачја**	**5.000.000**
	1	с.Оризари, с.Мамутчево, с.Бузалково, с.Црквино, Сојаклари с.Иванковци и др	5.000.000
ФА0		**Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)**	**2.000.000**
	1	Изработка на проектна документација за инфраструктура	2.000.000
Ј		**Комунални дејности**	**95.350.000**
Ј00		**Одржување на урбана опрема**	**500.000**
	1	Фарбање на столбчиња, парапети и канделабри	200.000
	2	Одржување на разна урбана опрема	300.000
ЈН0		**Урбана опрема (капитални расходи)**	**3.700.000**
	1	Набавка на урбана опрема	1.500.000
	2	Набавка на садови за собирање на цврст комунален отпад	1.400.000
	3	Ракохвати и огради (заградување на детско игралиште во Населба Превалец, ракофати во УЗ 9-ти Ноември, ул.Мирче Ацев, Цветан Арсов, Загребска, Ганчо Хаџи Панзов, Богдан Каракостев, Вељан Шојлев, Браќа Поп Јорданови,Браќа Миладиновци,УЗ Славе Петков и (заградување на кошаркарско игралиште на Андон Шурков)	800.000
Ј10		**Снабдување со вода**	**800.000**
	1	Изградба на водоводна линија за населба Хабитат	600.000
		Јовче Тикваровски	100.000
		Петре Алчев	100.000
ЈГ0		**Изградба на системи за водоснабдување**	**4.200.000**
	1	Учество за изградба на систем за водоснабдување на с.Сливник	1.800.000
	2	Учество за изградба на систем за водоснабдување на с.Црквино.	200.000
	3	Учество за изградба на систем за водоснабдување за Раштани и Бузалково	2.200.000
Ј20		**Одведување и пречистување на отпадни води**	**2.650.000**
	1	Изградба на канализациона линија за населба Хабитат	600.000
	2	Изградба на атмосверска канализација на спојот помеѓу плоштад Панко Брашнар и ул. Благој Ѓорев	800.000

	3	Прибирање на мали води од Дервенски поток (под дуќаните) со готови бетонски елементи.	500.000
	4	Чистење на канали за атмосферска канализација	300.000
	5	ул.Мирче Ацев	100.000
	6	ул.Петре Алчев	100.000
	7	ул.Богдан Каракостев	150.000
	8	ул.Јовче Чучук	100.000
ЈИ0		**Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**	**1.000.000**
	1	Изградба на фекална канализација во Сателитска населба на езеро Младост	1.000.000
Ј30		**Јавно осветлување**	**21.500.000**
	1	Потрошена електрична енергија	11.000.000
	2	Одржување на јавно осветлување	2.500.000
	3	Набавка на репро материјал	1.800.000
	4	Проширување на мрежа	1.700.000
	5	Реконструкција на мрежа	2.000.000
	6	Замена на постојни со економични светилки	2.500.000
ЈА0		**Изградба на јавно осветлување**	**2.630.000**
	1	Новогодишно украсување	600.000
	2	Осветлување на спортски терени кај Блаже Конески	180.000
	3	Осветлување на ул. Игманска - краци	200.000
	4	Оспособување на Градскиот парк	200.000
	5	Хабитат- осветлување на улици	200.000
	6	Осветлување на езеро Прокредит	500.000
	7	Индустриска зона Речани	250.000
	8	Осветлување на ул.Благој Абрашев	100.000
	9	Осветлување на ул.100	150.000
	10	Отовица	100.000
	11	ул.Благој Страчковски	50.000
	12	ул.Благој Абрашев	50.000
	13	ул.Маца Овчарова 81-85	50.000
Ј40		**Јавна чистота**	**8.000.000**
	1	Чистење на јавно прометни површини	8.000.000
ЈК0		**Јавна чистота (капитални расходи)**	**0**
			0
ЈЈ0		**Изградба на депонии за отпад**	**0**
			0
Ј50		**Јавен локален превоз на патници**	**0**

Ј60		**Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај**	**8.150.000**
	1	Прередување на камени коцки на улици: Кирил и Методиј,Прохор Пчински, Вера Цировири, Богдан Каракостев, Ганчо Хаџи Панзов, Ѓорѓи Димитров, Шефки Сали и др.	1.000.000
	2	Бетонирање на улици и потпорни ѕидови со учество на граѓани (70м во Населба Тунел, потпорен ѕид во Населба Тунел, потпорен ѕид на ул.Костурска, ул.Стеван Богоев, Јовче Чучук, крак од Стојан Бурчевски Буридан, дел од Ганчо Хаџи Панзов, Мите Богоевски, Киро Чауле, Благој Абрашев, Вера Цировири (134-179 и 152-156), Климент Охридски, Браќа Поп Јорданови, Киро Рогужаров, Благој Страчков, Превалец, Оризари, Богдан Каракостев (153-179), Димитар Миладинов (129) и др.	2.500.000
	3	Зимско одржување на локални патишта и улици	500.000
	4	Редовно инвестиционо одржување и непредвидени работи	2.500.000
	5	Поставување на еластична ограда на ул.Луј Пастер	250.000
	6	Одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација	1.200.000
	7	Чистење на банкини	200.000
ЈД0		**Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**	**14.950.000**
	1	Асфалтирање на ул.Сутјеска	350.000
	2	Асфалтирање на ул. Крсте Мисирков	1.200.000
	3	Асфалтирање на ул. Костурска	1.000.000
	4	Асфалтирање на дел од ул. Сараевска	500.000
	5	Асфалтирање на обиколен пат Велес-Башино Село	1.000.000
	6	Пробивање на спој помеѓу улица Грозда Кочова и СЃ Сватот	350.000
	7	Пробивање на улица помеѓу ул. Благој Ѓорев и ул. Прва Комуна	1.500.000
	8	Изградба на дел од улица Роса Плавева	300.000
	9	Изградба на улици во населба Хабитат	500.000
	10	Изградба на ул.Тодор Јанев	600.000
	11	Реконструкција на пат за с.Слп	300.000
	12	Реконструкција на дел од пат кон Чалошево - Дурутовец (150м)	400.000
	13	Реконструкција на тротоар на ул. Андон Шурков - наспроти Касарна	250.000
	14	Изградба на тротоар на ул. Љубљанска	500.000

	15	Реконструкција на тротоар на ул. Вардарска	800.000
	16	Реконструкција на тротоар на ул. Сутјеска	300.000
	17	Реконструкција на тротоар на ул. Благој Ѓорев кон библиотеката (во соработка со ЈКП Дервен)	250.000
	18	Изградба на тротоар од спој на ул. Живко Фирфов со Благој Ѓорев до рампа во Превалец	1.800.000
	19	Потпорен ѕид на ул.Игманска	350.000
	20	Изградба на потпорен зид за скали меѓу Тодор Јанев и Киро Ќучук	150.000
	21	Реконструкција на тротоар на ул. Благој Ѓорев(на потегот од трговскиот до железничарската зграда)	150.000
	22	Сопот	400.000
	23	Ораовец	1.000.000
	24	Рлевци	400.000
	25	Марксова	300.000
	26	Отовица	300.000
ЈФ0		**Изградба на сообраќајна сигнализација**	**850.000**
	1	Изградба на вертикална сигнализација (постаување на дигитални мерачи за брзина)	600.000
	2	Поставување на легнати полицајци	250.000
Ј70		**Одржување и користење на паркови и зеленило**	**4.500.000**
	1	Одржување на градско зеленило	4.000.000
	2	Набавка на материјали за хортикултурно уредување	200.000
	3	Сечење и одржување на деградирани дрвја	250.000
	4	Пошумување	50.000
ЈМ0		**Паркови и зеленило (капитални расходи)**	**3.500.000**
	1	Уредување на простори пред згради	3.000.000
	2	Реконстукција и подигнување на нови зелени површини	500.000
Ј80		**Други комунални услуги**	**2.400.000**
	1	Рушење на бесправно изградени објекти	250.000
	2	Рушење на стари објекти склони на паѓање (ул.Владимир Назор, ул.Љубен Весов, Варналиите,	200.000
	3	Санација на карпи	150.000
	4	Ерадикација на животни скитници, дератизација и аеросолнадезинсекција	800.000
	5	Рамина	1.000.000
ЈЛ0		**Други комунални услуги (капитални расходи)**	**14.800.000**
	1	Пешачки мост Железен мост/ колски сообракај/	6.500.000
	2	Плоштад Варналиеви	1.500.000
	3	Рамина	3.000.000
	4	Кеј на Вардар	3.000.000
	5	Пазар Тунел	800.000

J90		**Одржување на простори за паркирање**	**120.000**
	1	Обележување на паркинг простори	120.000
JE0		**Изградба на простор за паркирање**	**1.100.000**
	1	Изградба на паркинг простор во дворот на Гимназија Кочо Рацин - наспроти ЕВН	600.000
	2	Изградба на паркинг простор во Градскиот парк за новиот фудбалски терен	500.000
P10		**Заштита на животна средина**	**650.000**
	1	Анализи на квалитет на животна средина	150.000
	2	Б-интегрирани еколошки дозволи	50.000
	3	Програма за управување со отпад	200.000
	4	Чистење на диви депонии	250.000

По потреба во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција најмногу во висина од 15% од предвидените средства.

VI. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

1.За одредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како база за утврдување на трошоците за уредувањето е земен комплексот со индивидуални и колективни станбени згради Тунел-2 во Велес.

2.Ова е сторено од причина што до сега единствено за овој комплекс постои комплетна, детална урбанистичка документација, со проекти за сите инфраструктури, геолошки подлоги, геомеханички испитувања со што би можеле да дојдеме до приближно стварните цени за чинење

на уредување на градежното земјиште по м2 нето корисна површина.

3.Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето корисна површина, утврдена врз основа на реалните трошоци изнесува:
57.431.700,оо ден. : 35.850 м2 = 1.602,оо ден./м2

4.Во оваа цена не се предвидени трошоците за уредување на земјиштето околу објектите (партерно уредување) кое со самофинансирање ќе го уредуваат самите граѓани.

5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба е дадена во следниов преглед:

	I. Градежен реон на градот	
1.	***Станбени објекти*** (индивидуални и колективни)	1.602,оо ден./м2
	- станбени простории	Коефициент 1.0
	- станб. простории со Н до 2,5 м1 (поткровје)	Коефициент 0.1
	- логија, балкони	Коефициент 0.2
	- помошни простории, остава за гориво, котлара, трафостаница во објект, визба	Коефициент 0.3
	- гаражи	Коефициент 0.1
2.	***Административно - деловни објекти***	1.602,оо ден./м2
	- простории	Коефициент 1.0
	- магацини, простории во визба	Коефициент 0.4
	- гаражи	Коефициент 0.1
3.	***Производен, магацински и деловен простор*** во индустриска зона	1.338,оо ден./м2
	- простории	Коефициент 1.0
	- магацини, простории во визба	Коефициент 0.4
	- гаражи	Коефициент 0.1
4.	***Објекти од јавен карактер***	1.602,оо ден./м2
	- простории	Коефициент 1.0
	- магацини, простории во визба	Коефициент 0.4
	- гаражи	Коефициент 0.1
5.	***Други објекти:***	
	- катна гаража	Коефициент 0.2
	- спортски покриени објекти	Коефициент 0.5
	- отворени пазаришта	20% од површината
	II. Останати урбани единици	
1.	Урбани единици за кои е донесен ДУП план и во кои е извршено делумно уредување на градежното земјиште 1. УЕ1 и УЕ2 на езеро „Младост”	1,63
2.	Урбани единици во кои е извршено делумно уредување на градежно земјиште : - населба Керамидна: постоечки објекти (за објекти изградени до 1996 година пред авионското снимање).	0.19
	нови објекти(после 1996 година)	0.60
	- населба Речани	0.25

Во останатите урбани единици и населени места во кои има донесено урбанистичка документација висината на основицата на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 1.334,оо денари, според видот и процентуалниот сооднос на објектот (согласно Правилникот), а со примена на следниве коефициенти:

	III. Останати урбани единици и населени места	
1.	Урбани единици за кои има донесено урбан. документација: - Отовица . . . . . . - Г. Оризари . . . . . . - Иванковци . . . . . . - Каласлари . . . . . . - Башино Село	 0.50 0.26 0.32 0.26 0.49
2.	Населени места опфатени со општ акт за населени места .	20%

Во останатите урбани единици и населени места во кои има донесено урбанистичка документација висината на основицата на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 1.334,оо денари, според видот и процентуалниот сооднос на објектот (согласно Правилникот), а со примена на следниве коефициенти:

Во урбаните единици за кои што нема донесено детални урбанистички планови а издавањето на услови за градба се врши врз основа на урбанистички проект, при пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплатува 20% за основна инфраструктура и ќе се применува табелата за дополнително опремување на градежното земјиште.

При пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште учеството на поединте елементи на дополнителното опремување на градежното земјиште, кои учествуваат со 80% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, е следното:

1.	Изработка на генерални, детални урбанистички планови, урбанистичка документација, проектна документација и надзор	7,00 %
2	Изградба на улици - пробивање . . . . . . - изградба на горен и долен строј	 11,00 % 37,50 %
3	Изградба на фекална канализација	9,00 %
4	Изградба на водоводна мрежа	10,00 %
5	Изградба на улично осветлување	5,5о %
	Вкупно:	80,00 %

9.Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 80 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

10.Советот на Општина Велес може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објект во индустриска зона по претходно доставен бизнис план со точно

дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

11.Општината Велес при наплатувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе ги рефундира вложените средства на лицата кои во изминатиот период финансирале во изработката на деталните урбанистички планови , само во случај кога е во прашање општ јавен интерес и ако тоа било предвидено со тогашната програма.

12.При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

13.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин:

-За расчистувањето на градежни парцели за објекти од комунална инфраструктура за индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, проектирањето и изградбата објекти од комунална инфраструктура и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште на ниво на Општина Велес, врз основица изразена во денари/м2 нето изградена

степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл. весник на РМ бр. 80/01; 85/01).

-За секој вид на простор неопфатен од одредбата на член 6 став 1 надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со оваа Програма.

-Просториите во поткровниот простор кај коси покриви на објектот и со надозид на фасадните ѕидови до 1,50 м сметано од подот до почетокот на косината, корисната површина се пресметува со коефициент 0,1.

-За паркиралишта во рамките на објект, корисната површина се множи со коефициент 0,1

-Висината на Основицата за одредување на просечните трошоци (што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината) ќе биде еднаква на основицата постигната на 31.12.2005 год. во денари/м2 нето изградена површина, а ќе се усогласува со промената на цените на мало.

14.Корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во Општината.

15. Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат, Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

16. По добивањето на дополнителната согласност надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка се наплатува по упросечени цени.

VII.НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

1.За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

2.Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.

3.Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (административно - деловен, производен и објекти од јавен карактер), во станбен простор не се наплатува.

4.Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во претходниот период, за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.

5.Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

6.Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП, и не е изградена секундарната инфраструктура, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на општината да и надокнади за порано направените трошоци во висина од 20%(основна инфраструктура) од надоместокот за уредување на градежно земјиште да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест; односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на општината без надомест.

За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за локациски услови, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Велес и во меѓувреме се поништени решенијата за локациски услови, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето. За истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ - дека во претходниот период документацијата му била поништена.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги

.

извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" врзани во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниов начин:

* За вкупен износ на надоместокот до 32.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договорот во целост.

* За вкупен износ на надоместокот од 32.000,оо до 96.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.

* За вкупен износ на надоместокот над 96.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

* При наплатување на надоместокот за уредување на градежното земјиште во случај на легализација (каде има донесено ДУП-ови) на веќе изградени објекти плаќањето ќе се врши на 24 (дваесет и четири) еднакви месечни рати, без оглед на висината на надоместокот.

Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште .

VIII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината ја финансира изработката на ГУП,ДУП,УП за село,УП вон населено место и изработка на техничка документација за инфраструктурни објекти.

IX.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Велес.

2. Градоначалникот на Општина Велес е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5 % да го информира Советот на општина Велес, а за поголемо прераспоредување на средства одлука мора да донесе Советот на Општина Велес.

3. Оваа Програмата влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број-07-5771/5
20.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

.

277.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.11.2008 година.

Број 08-6034/6
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5771/6
20.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Оштина Велес („Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11. 2008 година донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за2009 година

Развојни приоритети

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во текот на 2009 година ќе бидат насочени кон поддршка на локалниот економски развој, поттикнување на развојот на туризмот и изградба на комерцијални објекти.

Цел

Основна цел на Програмата за ЛЕР е реализација на зацртаните развојни правци согласно постојните стратешки документи.

Проектни активности

Проектите на Општина Велес во областа на ЛЕР ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. Предвидените проекти, генерално можат да се групираат во:

Г10) Подршка на локалниот економски развој

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Поддршка на Центарот за регионален развој на Вардарскиот плански регион	800.000,00
2.	Подготовка на студија за користење на алтернативни извори на енергија	150.000,00
3.	Подготовка на маркетинг план за Општина Велес како атрактивна бизнис локација	150.000,00
4.	Обука на бизнис секторот за пристап до донаторски средства и изработка на апликации во рамки на IPA	300.000, 00
5.	Кофинансирање на ИПА проекти	800.000, 00
	ВКУПНО:	**2.200.000,00**

Г20) Поттикнување на развојот на туризмот

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (ден.)
1.	Настап на саемски манифестации	200.000,00
2.	Подготовка на печатени и електронски и печатење на промотивни материјал	250.000,00
	ВКУПНО:	**450.000,00**

ГА0) Изградба на комерцијални објекти

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (ден.)
1.	Изградба на дел од инфраструктура на Езеро Младост	9.000.000,00
2.	Доизградба на водоводна инфраструктура во индустриска зона „Речани 2“	500..000,00
	ВКУПНО:	**9.500.000,00**

·**Финансирање**

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 12.150.000,00 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2009 година и кофинансирање од страна на домашни и меѓународните институции агенции и фондации.

Распоредување на буџетските средства

Активностите од оваа Програма се финансираат со посебна ставка од Буџетот на Општината.

.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број-07-5771/6
20.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

278.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.11.2008 година.

Број 08-6034/7
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-5771/7
20.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Согласно член 34 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/08), а врз основа на член 12 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.54/07, 84/07, 86/08, 98/08 и 106/08), член 2 од Законот за Јавна чистота ("Службен весник на РМ" бр.111/08), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 18.11.2008 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2008/2009 година

Со оваа Програма се уредуваат работите за зимското одржување на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои минуваат низ населените места а се изградени како улици, како и работите за одржување на комуналните објекти, тротоарите (и велосипедските патеки) на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2008/2009 година. Јавни патишта на подрачјето на Општина Велес се локалните патишта и улиците. Во улици спаѓаат и делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици.

I. Работи на зимско одржување на локалните патишта и улиците се:

-чистење снег и мраз од коловозот, комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки;

-посипување на коловозот со сол или абразивни средства во осојничави места, мостовите, делниците со поголеми наклони на патот, како и на други места во случај на појава на мраз на коловозот.

-предвидување превентивно-заштитни мерки во високата зона на градот во смисла на поставување на ракохфати по тесните стрмни улички и сл.

.

Работите на зимското одржување на локалните патишта и улици се изведуваат на начин кој има за цел да обезбеди постојана проодност во зависност од утврдениот приоритет произлезен од категоријата и значајот на локалниот пат или улица.

По исклучок кога работите на локалниот пат и улица неможат да се изведат под сообраќај, Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина на Општина Велес привремено, делумно или во целост ќе го запре сообраќајот и ќе утврди по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот, по претходно известување во рок од 48 часа на корисниците на јавниот пат и улица преку средствата за јавно информирање.

Ако поради снег, голомразица или други причини сообраќајот на локалниот пат или улица е отежнат или безбедноста на сообраќајот е значително загрозена, надлежниот општински орган ќе превземе итни мерки за отстранување на пречките, а ако не е во состојба да ги отстрани пречките ќе го запре целиот сообраќај или само за одделни видови на возила, по претходно прибавена согласност од Министерството за транспорт и врски, односно надлежниот орган во Општината.

Во случаите кога прекинот на сообраќајот трае подолго од два часа надлежниот орган на Општината ќе ја извести јавноста преку средствата за информирање.

Надлежниот орган на Општината со сообраќајни знаци и на друг погоден начин ќе ги означи условите и ќе утврди режим на сообраќај на локалниот пат или улица, во сите случаи кога постојат околности кои можат да го загрозат безбедното одвивање на сообраќајот.

Во случај на прекин на сообраќајот на јавен пат поради елементарни непогоди (снежни лавини,одрони од поголем обем или од други причини) надлежниот орган на општината ќе постапи врз основа на посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, што го донесува Советот на Општината.

II. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат надлежните општински органи со следните обврски:

1. Совет на Општина Велес

-донесува Програма за зимско одржување;

-донесува Посебен план за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

2. Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина :

- го организира чистењето на снег и мраз од коловозот на локалните патишта и улиците, делниците од магистралните и регионалните патишта кои поминуваат низ населените места како изградени улици; комуналните објекти, тротоарите и велосипедските патеки, како и посипувањето на коловозот со сол или абразивни средства;

- привремено, делумно или во целост го запира сообраќајот и утврдува по кој друг пат и под кои услови ќе се одвива сообраќајот кога работите неможат да се изведат под сообраќај;

- во рок од 48 часа пред запирањето на сообраќајот ги известува корисниците на локалниот пат и улица преку средствата за јавно информирање;

- презема итни мерки за отстранување на пречките при отежнато одвивање на сообраќајот или значителна загрозеност на безбедноста на сообраќајот или за запирање на сообраќајот на одредени делници или во целина по претходно прибавување на согласност од надлежниот државен или општински орган;

- ја известува јавноста преку средствата за јавно информирање за прекин подолг од два часа;

- постапува согласно Посебниот план за отстранување на последиците од елементарни непогоди, во случај на прекин на сообрааќајот поради елементарни непогоди.

3. Комунален инспектор:

- надзор и контрола на чистењето на јавно-прометните површини и во зимскиот период.

4. Инспектор за сообраќај и патишта:

- надзор и контрола над целокупната состојба на локалните патишта и улици.

5. Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата:

-масовна едукација за мерките и активностите за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста во патниот сообраќај.

6. Општински штаб за заштита и спасување:

-активно учество во изготвувањето на Програмата, следење на нејзиното спроведување и на севкупната состојба во зимскиот период заради благовремено преземање на превентивни мерки за заштита и спасување, како и конкретни активности за соодветна дообука и подготвеност на екипите-лицата од населените места кои што ќе вршат чистење и посолување.

III. Во зимското одржување на локалните патишта и улици ќе учествуваат и други органи и институции, и претпријатија со следните задачи:

1. Државен инспектор за патишта:

- надзор и контрола над мерките и активностите за безбедноста на сообраќајот на патиштата.

2. Центар за извесутување и тревожење:

.

- се вклучува во извршувањето на Програмата во делот на информативниот систем за зимското одржување, и тоа само со помош на својата развиена радиостанична мрежа на подрачјето на Општината.

3. Сообраќајна полиција:

- покрај извршувањето на работите од својата надлежност, таа е еден од првичните извори на информации од теренот за состојбата на патиштата.

4. Јавно претпријатие за одржување на патишта "Македонија пат" – Скопје - Подружница Велес:

- ја извршува Програмата во целост во делот на улиците кои се определени како дел од регионален пат, а за локалните патишта и улици во висина на доверените работи согласно склучениот договор со ЕЛС Општина Велес

- Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина и во согласност со постапките на зимското одржување на магистралните и регионалните патишта.

- Јавното претпријатие за одржување на патишта "Македонија пат" согласно Програмата за зимско одржување на магистрални и регионални патишта има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и тоа само во делот на коловозната конструкција и сообраќајната сигнализација што е во функција на јавниот (регионален) пат.

Улична мрежа

1. "Димитар Влахов".	1,45 км.
2. "Иво Лола Рибар"	0,05 км.
3. "Петре Прличков"	0,20 км.
4. "Нишка"	0,15 км.
5. Стар Мост	0,06 км.
6. "Димко Најдов"	1,00 км.
7. "Илинденска"	0,15 км.
8. "Маршал Тито" - дел	0,59 км.
9. "Благој Ѓорев"	2,20 км.
10."Гоце Делчев"	0,20 км
11."Страшо Пинџур"	0,20 км
12. "Алексо Демниевски" до спојот со "Моша Пијаде" . . .	0,60 км
13. "Моша Пијаде" до спојот со "Андон Шурков"	0,40 км
14. "Андон Шурков"	0,80 км
Вкупно: . .	8,05 км.

.

-Изведувачот кој што претходно ќе биде избран во постапка на спроведен тендер, согласно склучениот договор за зимско одржување на локални патишта и улици ќе има обврска да извршува зимско одржување на следните улици и локални патишта:

У л и ч н а мрежа

1. “Вардарска”	0,85 км.
2. “Н.Н.Борче”	0,20 км.
3. “Алексо Демниевски” од спојот со “Моша Пијаде” до Железничка станица. . . .	.0,50 км.
4. “Ленинова”	0,70 км.
5. “11-ти Октомври”.	0,20 км.
6. “Кумановска”	0,60 км.
7. “Народен Фронт”	0,20 км.
8. “Орце Мартинов”до спојот со “Самоборска”	0,20 км.
9. “Самоборска”	0,25 км.
10. “Тодор Јанев” до спојот со “Костурска” .	0,40 км.
11. “Костурска”	0,87 км.
12. “Васил Ѓоргов” (цела до Којник) . .	0,70 км.
13. “М.Тито”(Плоштад-С.Мост) . . .	0,21 км.
14. “Лазо Осмаков”	0,25 км.
15. “Луј Пастер”	1,00 км.
16.„Марксова”	0,40 км
17.„Никола Карев”	0,30 км
В к у п н о:	7,83 км.

Локални патишта

1. “Р-103”- с.Башино Село . . .	0,70 км.
2. “Р-103”-с.Отовица-с.Сујаклари – с.Кумарино - Јазла . . .	.8,10 км.
3. ул.”Вардарска” - “Р-103”(заобиколен пат Велес - Башино Село)	2,80 км.
4. “Р-526” - с.Горно Оризари - с.Клуковец .	1,40 км.
5. “М-5”-пат кон с.Д.Караслари . . .	0,60 км.
6. “Р-526” - с.Мамутчево - с.Иванковци.	10,00 км
7. “Р-103”- с.Црквино	3,47 км.
8. Велес - Нови Гробишта . . .	2,00 км.
9. Оризари (пристапен пат до новата уч.зграда)	0,30 км.
В к у п н о: . . .	29,37 км.

.

5. Заради потребата од ефикасно чистење на снегот, а имајќи ја во предвид ангажираноста на “Македонија пат” во чистење на патиштата од повисока категорија можна е потреба од дополнително ангажирање на други градежни машини, за што потребата ја утврдува надлежниот орган на општината. Другите градежни машини ќе бидат ангажирани од соодветни претпријатија за чистење и оспособување на асфалтните коловозни површини по претходно склучен договор врз основа на Законот за јавни набавки.

за следните локални патишта:

1. Нови Гробишта - с.Раштани - с.Бузалково” .	7,00 км.
2. “Р-103”-Нас.Дурутовец - с.Чолошево .	3,20 км.
В к у п н о: . . .	10,20 км.

·6. ЈКП"Дервен" се ангажира во зимското одржување на улиците согласно со Програмата за чистење на јавно-прометни површини и оваа Програма за следниве улици:

1. "Ј.Х.К.Џинот"(до спојот со "Прохор Пчињски") .0,40 км.
2. "Прохор Пчињски" . . . . 0,50 км.
3. "Владимир Назор" . . . . 0,90 км.
4. "Кирил и Методиј" . . . . 0,50 км.
5. "Илинденска" само тротоарите на мост "Гемиџии"
6. "Маршал Тито" . . . . . 0,80 км
   6.1.тротоарот на левата страна:
   -од"Сармаале"до С.Куќа
   -Стопанска банка до С.Мост и Стар Мост
7. "Благој Ѓорев" . . . . . 2,20 км.
   7.1.тротоарот на левата страна:
   -од Пошта до спој со ул."Ш Сали"
   -од ул."Љубљанска" до влезот на Касарната
   -7.2.тротоарот на десната страна:
   -од Домот на АРМ до влезот на Касарната
8. "Алексо Демниевски" . . . . 1,10 км.
   8.1.тротоарот од двете страни:
   -од почетокот до зградата на Општина Велес
9."Мало Мовче" . . . . . 0.07 км
10."Пешачки надвозник на битолска пруга" . 0.04 км

·IV. Во зимското одржување на локалните патишта, улици и други комунални објекти ќе се вклучат и:

1. ЕВН Македонија КЕЦ Велес:

-ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните електро инсталации, приодите и непосредната околина околу трафостаниците и другите уреди.

2. АД "Македонски телекомуникации"

Регионален центар за телекомуникации - Велес:

- ги превзема потребните мерки за чистење на снегот од надворешните ПТТ инсталации и уреди на телефонските говорници.

3. Превозниците во јавниот превоз (градски и приградски):

- преземаат потребни мерки за отстранување на снегот и мразот од автобуските стојалишта и нивно оспособување за користење.

4. Граѓаните:

- го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите станбени згради и индивидуални куќи, а исто така и од покривите и терасите водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

5. Сопствениците и корисниците на деловни објекти и дуќани:

- го чистат снегот и голомразицата од тротоарите, патеките и приодите пред своите деловни објекти и дуќани, при тоа водејќи сметка за безбедноста на минувачите и исчистениот собран снег да обезбедува нормален и безбеден пешачки и друг вид на сообраќај.

6. Други учесници:

-единиците на Дирекцијата за заштита и спасување, месните заедници,ученици и студенти и други екипи, како и сите други, во услови на прогласена елементарна непогода заедно дејствуваат според посебниот План за отстранување на последиците од елементарни непогоди донесен од страна на Советот на Општината.

7. Урбани и месни заедници во Општината:

- се должни да преземат одговорност во смисла: да ги известат надлежниот орган и граѓаните за настанатата состојба, потребата и начинот за остранувањето на снежните наноси , при тоа да ги активираат граѓаните од таа МЗ за да можат во договор со Општина Велес - Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина да преземаат конкретни работни задолженија и обврски во зимското одржување на патната мрежа,заради

.
што поодделни месни заедници може да подигнат, складираат, чуваат и наменски да користат одредено количество на индустриска сол, со можност од задолжително учество со сопствена механизација и екипи во чистењето и посолувањето .

8.Сите учесници во извршувањето на доверените работи од зимското одржување на јавната патна мрежа, се должни до надлежниот општински орган да достават оперативна програма за својата подготвеност и опременост со механизација и извршители.

Број-07-5771/7
20.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

279.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 18.11.2008 година.

Број 08-6034/8
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5771/8
20.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 18.11.2008 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

- Обезбедување активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Велес;

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Велес;

- Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Велес;

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Велес;

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Велес;

-Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

р.бр		РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА				ВКУПНО
				МИНИС-ТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА	СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ	ОП ШТИНА ВЕЛЕС	ДР. ИЗВОРИ И ДОНАЦИИ	
	I.МАНИФЕСТАЦИИ							
1.	Празничен концерт –	8.01.2009	Општина Велес			40.000		40.000
2.	Питијада –избор на пита мајстор за 2009 год.	14.02.2009	Општина Велес			20.000		20.000
3.	170 години од раѓањето на Рајко Жинзифов	Февруари-март	Општина Велес			50.000		50.000
4.	Денови на пролетта	20-22.03. 2009	Општина Велес			15.000		15.000
5.	140 години од раѓањето и 80 години од смртта на Васил Главинов	Март 2009				50.000		50.000
6.	Априлијада	1.04.2009	Општина Велес			10.000		10.000
7.	Меѓународен ден на танцот	април	Општина Велес			20.000		20.000
8.	Велигденско јајце	Велигден	Општина Велес			25.000		25.000
9.	Средби на Бошњаците од РМ	6.05.2009	Општина Велес			90.000	20.000	110.000
10.	Ден на Европа	9.5.2009	Општина Велес			20.000		20.000
11.	Матурска парада	16.05.2009	Општина Велес			80.000		80.000

12.	Денот на македонските просветители Св Кирил и Методиј	22.05.2009	Општина Велес и сите училишта			80.000		80.000
13.	Ден на културата во Република Македонија	10.06.2009	Општина Велес	30.000				30.000
14.	Завршна манифестација – Детска градинка	10.06.2009	Детска градинка			10.000		10.000
15.	46 Рацинови Средби	11-13.06. 2009	Организ.одбор Општина Велес	200.000		400.000		600.000
16.	VI Меѓународен фолклорен фестивал	25.-28.06. 2009	Организ. одбор Општина Велес	100.000		600.000		700.000
V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и контролата се одвиваат преку Советот на Општина Велес и Комисијата за општествени дејности, а следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита и соработка со здруженија на граѓани и фондации во Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број-07-5771/13
24.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

285.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.11.2008 година.

Број 08-6034/14
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5771/14
24.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ “ бр. 5/02) , член 5 од Законот за пожарникарство („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04) член 2 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05 и член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 24.11.2008 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2009 година

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на противпожарната заштита и заштитата и спасувањето, кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Велес во 2009 година овие активности ќе ги остварува преку Општинскиот штаб за заштита и спасување, просторните специјализирани сили за заштита и спасување и Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Велес, а ќе ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои не формираат сопствена противпожарна единица.

I. Цели:

-заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;

-заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;

-создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;

- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;

- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита

II. Активности:

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна и технички стручно подготвена единица, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Велес и другите општини .

III. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на РМ;
- Средства од буџетот на Општина Велес;
- Наплатени премии од осигурување на имот од пожари;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и
- Приходи од други општини

IV. Распоредување на финансиските средства:

Трансфер на средства:

	Приходи	
1.	Наменска дотација	10.804.000,00
2.	Наплатени премии од каско осигурување	1.500.000,00
3.	Буџет на Општина Велес	780.000,00
4.	Приходи од сопствени извори на ТППЕ	30.000,00
5.	Приходи од други општини	310.000,00
6.	Вкупно:1	10.804.000,00
7.	Вкупно: 2-5	2.620.000,00
8.	Вкупно: 1-5	13.424.000,00

	Расходи	
1.	Плати,наемнини и надоместоци за за вработените	10.804.000,00
2.	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.150.000,00
3.	Поправки и тековно одржување на возила	400.000,00
4.	Набавка на гуми и резервни делови за ПП возила	200.000,00
5.	Набавка на техничка и заштитна опрема	30.000,00
6.	Регистрација на возила	90.000,00
7.	Набавка на ПП униформа	140.000,00
8.	За обука- договорни услуги	30.000,00
9.	Репрезентација	30.000,00
10.	Лекарски прегледи на пожарникарите	80.000,00
11.	Проектни активности	100.000,00
12.	Реконструкција и санација на ПП зграда	200.000,00
13.	Заштита и спасување	70.000,00
14.	Надомест за материјални трошоци и Дневници за правни и физички лица-учесници во акции за гасење на пожар и други видови непогоди и несреќи	100.000,00
15.	Вкупно: 1	10.804.000,00
16.	Вкупно: 2- 14	2.620.000,00
17.	Вкупно: 1- 14	13.424.000,00

V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ

Освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе ги помагаат и стимулираат овие активности и со:

-обележување на Денот на пожарникарите;

-прогласување на најистакнат пожарникар во извршувањето на работните обврски при гаснењето на пожари;

-учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави

VI. Завршни одредби:

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Велес ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број-07-5771/14
24.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

286.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.11.2008 година.

Број 08-6034/15
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во обласата на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5771/15
24.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на општина Велес („Сл.галсник на Општина Велес“ бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.11.2008 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2009 година

1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА

1.1. ОСНОВА

Концептот на Односите со јавност како една од суштинските компоненти на современиот менаџмент, во Република Македонија е релативно нов и непознат. Додека на национално ниво, сеуште се во зародиш сертифицираните ПР компании кои ги применуваат највисоките стандарди во комуникацијата со јавноста, општините уште на стартот на децентрализацијата се соочија со потребата од комплетно реформирање на начинот на комуникација со јавноста.

Наспроти фактот што стартуваше и втората фаза на децентрализацијата, само мал број општини во Македонија имаат назначено лица за комуникација со јавноста и практикуваат форми на зајакнување на комуникацијата со корисниците на услугите.

Поради овие состојби ЗЕЛС иницираше креирање на мрежа на лица за односи со јавност во која активно е вклучена Општина Велес.

Општина Велес е првата општина во Република Македонија која од 2007 година започна со имплементација на годишна програма за комуникација со јавноста.

Покрај програмските определби, општината работи и на обезбедување и усовршување на просторните и техничките услови за комуникација со јавноста што беше повод за креирањето на првата општинска сала за комуникација со јавноста во Македонија.

Искуствата од изминатите две години покажаа дека комуникацијата со јавноста е динамична, неретко флексибилна компонента на менаџментот во јавната администрација која има потреба од постојано менување и доусовршување.

Реализацијата на програмските определби на годишно ниво зависи од голем број внатрешни и надворешни фактори.

Програмскиот пристап кон односите со јавноста се базира на меѓусебното разбирање и треба да претставува мост помеѓу внатрешната перспектива и надворешното позиционирање на општината.

Бидејќи комуникацијата со јавноста опфаќа голем број на различни целни групи,

мошне е важно наспроти флексибилноста точно да се утврдат програмските приоритети на годишно ниво.

Од друга страна треба да се има во предвид дека во услови кога промотивните активности имаат висока цена на пазарот, неопходно е да се изнајдат форми на комуникација со која општината би допрела до целната група со вложување на помалку средства.

Во изминатиот период тоа се постигнуваше преку редовни прес конференции, брифинзи, интервјуа, учество во емисии и објавување на информации во вид на соопштенија во локалните електронски медиуми или пак, директна комуникација со претставници на целните групи.

Одговорот, односно активното учество на целните групи граѓани на јавните повици и соопштенија покажа дека овој начин на комуникација во комбинација со неколку сеопфатни кампањи може да ги даде посакуваните ефекти.

Во изминативе години Општина Велес воспостави систем на комуникација со различни целни групи. Воглавно три носечки целни групи се во фокусот на ориентацијата на општината во надворешната комуникација:

-Граѓаните корисници на услугите
-Медиумите и
-Здруженијата на граѓани (НВОсекторот)

Покрај овие три основни целни групи комуникацијата се остварува со голем број други целни групи со кои општината континуирано комуницира како што се:

-Бизнис сектор
-Месни и урбани заедници
-Домашни и меѓународни организации и фондации
-Национални и локални институции
-Фокус групи.

Покрај програмските определби на годишно ниво, разновидноста и бројноста на целните групи налага секојдневна работа и усовршување на комуникацијата со секоја целна група поединечно.

Од големо значење за Општина Велес е воспоставениот електронски систем на комуникација со корисниците на услугите од земјава и од странство што секојдневно се остварува преку назначените две лица за комуникација со корисниците на услугите и барателите на информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Исто така од голема важност за зголемување на степенот на доверба кај граѓаните, корисници на услугите е објавувањето на извештаи и отчети за начинот на користење на средствата од буџетот што во Општина Велес е востановена практика.

1.1. ОПРАВДАНОСТ

1.1.1. Приоритетни потреби:

-Продлабочување на Комуникацијата со јавноста

Главна задача на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2009 година е да обезбеди зголемување на степенот на информираност на граѓаните за услугите што ги испорачува општината како и за начинот на планирање и користење на буџетските средства.

Комуникацијата со јавноста во Општина Велес е фокусирана на двонасочната комуникација на релација општина-јавност. Успешната реализација на програмата може да претставува клучна компонента во подобрувањето на комуникацијата со целната јавност, зајакнувањето на интерната комуникација и воспоставувањето на принципот на континуирана екстерна комуникација што значи дека програмата пред се се фокусира на испитувањето на јавното мислење во врска со услугите и работата на општината.

Екстерната ориентација на Програмата е усогласена со принципите на Европската Унија и Одлуката на Европската Комисија за воспоставување на ефикасен и ефективен систем на двонасочна комуникација со јавноста. ((OLAF) EC, ECSC Decision 99/352).

Во 2008 година преку проектот СУДЕП (Поддршка на процесот на децентрализација), што ЕУ преку ЕАР го спроведува во 36 општини во Македонија, во Општина Велес беше извршена првата стручна екстерна евалуација.

Искуствата ја наметнаа потребата од воспоставување на континуирана екстерна евалуација (испитување на мислењето на корисниците на услугите за квалитетот на услугите).

1.1. ОРИЕНТАЦИЈА

Поаѓајќи од потребата за воспоставување на организиран и ефикасен систем на комуникација со јавноста Програмата се базира на две клучни компоненти:

· Промоција (Афирмација) и
· Испитување на јавното мислење

Во првата компонента Програмата овозможува зајакнување на капацитетите за практикување на т.н. корпоративен ПР (Насочен кон креирање на имиџот на општината) и промотивен ПР (насочен кон креирање на позитивен став на граѓаните-корисници на услугите кон услугите што ги обезбедува општината).

Голема улога во корпоративниот ПР имаат веќе утврденото мото „Задоволни граѓани-наша цел“, заштитниот знак (афионова чушка) и маскотата на Општина Велес (видра).

Корпоративниот ПР е надополнет и со слоганот „Транспарентна општина“ заслужен со наградите за добро раководење од ФИООМ и Советот на Европа во текот на 2008 година.

Во 2009 година, Програмата се ориентира кон корпоративниот ПР прилагоден на целните групи деца и млади.

Целта е децата и младите да се запознаат со работата на општината и можностите на секој граѓанин индивидуално да придонесе во развојот на локалната заедница.Во оваа компонента програмата претставува своевидно надополнување на планираните активности особено со целната група деца и млади утврдени во Нацрт -програмата за активностите на општината во областа на социјалната заштита во 2009 година.

Покрај утврдените целни групи на деца и млади, во областа на промоцијата Програмата опфаќа реализација на кампањи за подигање на јавната свест во клучни области од интерес за локалната заедница.

Од особена важност е промоцијата на активностите во областа на борбата против корупцијата на локално ниво во која Општина Велес предничи на национално ниво. Во подготовката и реализацијата на кампањата за борба против корупцијата на локално ниво ќе учествува Координативното тело за имплементација на акциониот план за борба против корупцијата.

Поради исклучителното значење на информирањето на граѓаните за можностите што ги отвора Предпристапниот инструмент ИПА на ЕУ како и Програмите на заедницата за кои Република Македонија има потпишано договори со ЕУ, а кои се исклучително значајни за НВО секторот, Програмата ќе се фокусира и на зајакнување на улогата на ЕУ инфо точката вградена во Граѓанскиот сервис центар. За оваа активност од Програмата ќе биде побарана и поддршка од Делегацијата на Европската Комисија во Република Македонија.

Во однос на кампањата за промоција на отчетноста и транспарентноста како и информирање на граѓаните како се трошат средствата од буџетот и во 2009 година во рамките на ЛРЗ Програмата (Програма за локален развој на заедниците) Општина Велес во првата половина на 2009 година ќе аплицира за средства за поддршка на кампањата до МЦМС (Македонскиот центар за меѓународна соработка).

Во втората компонента Програмата се фокусира на воспоставување на континуиран систем на следење и анализа на јавното мислење.

1.4 Предложен пристап

Развојниот тим на општина Велес (воспоставен преку Проектот за децентрализација на УСАИД), но функционален во сите области од секојдневната работа на општинската администрација, во соработка со градоначалникот ќе ги разгледува предлозите за организирање на кампањи чија цел е промоција на општината во целост или промоција на одредена активност или услуга.

Тимот ќе утврди пристап за промоција на општината за секоја кампања поединечно.

Пристапот ќе се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

2.1. Генерална цел:

Промоција на општината и Воспоставување на добра комуникација со граѓаните во прилог на развојот на локална демократија и заедничко делување на планот на развој на локалната заедница во целина.

2.1.1. Цели:

· Подготовка и реализација на кампањи за промоција и информирање на јавноста
· Воспоставување на континуиран систем за испитување и анализа на степенот на задоволство на корисниците на услуги од услугите што ги испорачува општината;

2.1.2. Целни групи

- Сите граѓани корисници на услуги
- Деца и млади
- Урбани и месни заедници
- Здруженија на граѓани
- Бизнис –сектор
- Медиуми
- Туристи и посетители
- Донатори
- Меѓународни организации
- Претставници на збратимени градови и градови пријатели на Велес

2.1.3 Активности

Промоцијата и комуникацијата со јавноста ќе ги опфатат следните активности:

- Подготовка и реализација на кампања за улогата на децата и младите во развојот на локалната заедница
- Подготовка и реализација на кампања за јавна чистота;
- Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци;
- Реализација на информативна кампања „Како се трошат Вашите пари“
- Реализација на кампања за борба против корупцијата на локално ниво.

▪Реализација на две испитувања на јавното мислење (корисниците на услугите) на годишно ниво.

▪Промоција на заштитен знак и маскота на Велес

▪Промоција на Претпристапниот инструмент на ЕУ –ИПА и Програмите на заедницата

Видот на кампањите (спотови, флаери, плакати, емисии и сл) ќе зависи од возраста и другите карактеристики на целните групи.

2.1.4 Очекувани резултати

▪Интензивирана промоција на општината
▪Зголемена информираност на граѓаните
▪Зголемено учество на граѓаните
▪Зголемен број на проекти со учество на НВО секторот, бизнис секторот и медиумите
▪Зголемен број на инвеститори
▪Зголемен број на туристи и посетители

Очекувани продукти

▪Расположив промотивен материјал за Општина Велес
▪Расположиви брошури и флаери за услугите што граѓаните можат да ги добијат во Граѓанскиот сервис центар
▪Расположиви брошури за кампањи од јавен интерес
▪Расположиви брошури за манифестации од меѓународно значење
▪Подготвени и емитувани аудио и ТВ спотови
▪Достапен промотивен материјал со маскота и заштитен знак на Велес

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Покрај развојниот тим во организацијата на програмата ќе се вклучат Градоначалникот и Советот на Општина Велес кои со свои идеи и решенија можат да придонесат за успешна реализација на програмата.

Сите предложени решенија ќе ги разгледуваат сите учесници за секоја кампања поединечно.

Во кампањите во зависност од околностите ќе бидат вклучени претставници на нво секторот, бизнис секторот и медиумите.

Развојниот тим ќе ги разгледува ефектите од секоја кампања.

4. ОДРЖЛИВОСТ

Креативниот пристап, расположивите човечки и технички ресурси како и флексибилноста на Програмата оди во прилог на одржливоста и усовршувањето. Крајната цел е во 2009 година да се изработи 5 годишна Стратегија за комуникација со јавноста на Општина Велес.

БУЏЕТ

ОПИС	Вкупно	Општина Велес	Други извори донации
• *Подготовка и реализација на кампања за улогата на децата и младите во развојот на локалната заедница*	150.000	150.000	/
• *Подготовка и реализација на кампања за јавна чистота;*	150.000	150.000	/
• *Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци;*	150.000	150.000	/
• *Реализација на информативна кампања „Како се трошат Вашите пари"*	156.000	36.000	120.000
• *Реализација на кампања за борба против корупцијата на локално ниво.*	150.000	150.000	
• *Реализација на две испитувања на јавното мислење (корисниците на услугите) на годишно ниво.*	80.000	80.000	/
• *Обезбедување на инфо киосци за информирање на граѓаните и посетителите*	150.000	150.000	
• *Промоција на Претпристапниот инструмент на ЕУ–ИПА и Програмите на заедницата*	150.000	75.000	75.000
• *Промоција на заштитен знак и маскота на Велес*	50.000	50.000	
• *Непредвидени трошоци*	14.000	14.000	
Вкупно	**1.200.000**	1.005.000	195.000

Број-07-5771/15
24.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

287.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.11.2008 година.

Број 08-6034/16
01.12.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.11.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-5771/16
24.11.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на општина Велес („Сл.галсник на Општина Велес“ бр. 12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.11.2008 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2009 година

1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА

1.4.ОСНОВА

Рејтингот на Општина Велес како општина со најизградени капацитети и општина за пример во Република Македонија во голема мера се должи и на интензивната меѓународна соработка.

Меѓународната соработка не е ограничена само со комуникацијата и размената на луѓе, искуства и идеи со збратимените градови и градовите пријатели на Општина Велес, туку и на секојдневната комуникација со претставници на меѓународната заедница во Република Македонија.

И во 2009 година интензивирањето на меѓународната соработка е едно од приоритетните прашања во развојот на Општина Велес.

Од особено значење во 2009 година е стартот на имплементацијата на Инструментот за предпристапна помош ИПА на Европската Унија.

Во компонента 2 од инструментот: Прекугранична соработка, Вардарскиот плански регион чиј центар е Општина Велес ќе работи на развивање на прекугранична соработка со Република Грција. Во тој контекст, неопходно е воспоставувањето на успешна соработка со општините од Република Грција што ќе ги утврди Европската Унија како општини-партнери на Вардарскиот плански регион.

Во 2009 година, основа за интензивирање на соработката на меѓународен план ќе биде и регионалниот развој. Програмата за развој на Обединетите Нации која го поддржува развојот на Вардарскиот плански регион работи на воспоставување на соработка со региони во Шпанија што за Велес како Центар на Вардарскиот плански регион е од исклучително значење.

Меѓународната соработка на општинско ниво и понатаму најбрзо и најефектно се остварува преку културната размена со збратимените и градовите пријатели на Општина Велес.

На овој план во 2009 година, во меѓународната размена во културата ќе се вклучи и Република Франција.

Општина Велес веќе има воспоставено добра меѓународна соработка со збратимените градови Свиштов, Република Бугарија и Слобозија, Република Романија.

Во 2008 година најинтензивна соработка општината имаше со збратимениот град Свиштов, Република Бугарија, градовите Ужице и Ниш од Република Србија и градот пријател Самобор.

Соработката се интензивираше особено со градот Самобор чија делегација во Општина Велес ги презентираше фактите од животот на Рацин во Самобор, на изложбата организирана во Велес, рамките на одбележувањето на 2008 година како година на Рацин.

Табли со името на Општина Велес како општина пријател на Самобор заедно со содржини кои накратко го опишуваат Велес како град стожер на македонската самобитност, култура и развој се поставени на влезот во Самобор како иницијатива на градот пријател.

Продолжи и соработката со градовите Сандански и Перник-Република Бугарија.
Општината интензивно работи на збратимување со град од Република Турција. Досега интерес покажаа градовите Чан-Чанкале и Такирдаг. Иницијативи за воспоставување на соработка има и од градот Житомир, Република Украина и од Тузла, БиХ.

Продолжуваат и активностите за интензивирање на соработката со градовите Слобозија (Република Романија), Пула (Република Хрватска) и Целје (Република Словенија).

Во рамките на заложбите за проширување и продлабочување на соработката, Општина Велес е во постојана комуникација со дипломатските претставништва во земјава.

Одлична соработка Општина Велес има воспоставено со Амбасадата на Кралството Холандија која со финансиски средства во 2007 и 2008 ги поддржа активностите на Општина Велес во областа на културата. Исто така одлична соработка има со Амбасадата на САД, УСАИД и Мировниот корпус чии претставници често ја посетуваат општината и во Велес реализираат голем број проекти и програми.

Исклучително успешна соработка Општина Велес остварува со УНДП кои тековно поддржуваат програма за зајакнување на капацитетите на општината на планот на борбата против корупцијата, стандардизацијата на услугите и регионалниот развој.

Сите досегашни активности и многуте отворени можности за работа на овој план, одат во прилог на постоењето и имплементацијата на еден ваков програмски документ.

1.5.ОПРАВДАНОСТ

1.5.1.Приоритетни потреби: *Евроинтеграции*
-Продлабочување на меѓународната соработка

Евроинтегративните процеси отвораат многу можности за соработка и поврзување на регионите на територијата на Европа и што е најзначајно за општините, соработка на ниво на локална самоуправа.

Фактот што Општина Велес е седиште на Вардарскиот регион оди во прилог на постоењето на програма за меѓународна соработка. Ова е особено значајно во процесот на воспоставување на комуникација со општините од Република Грција кои Европската Унија ќе ги определи како општини партнери за реализација на комплементарни и комплексни проекти во рамките на втората компонента на ИПА.

1.2.2 Предложен пристап

Во 2009 година меѓународната соработка покрај интензивирањето на културната соработка ќе се фокусира на зајакнување на можностите и реализација на конкретни проекти со збратимените и градовите пријатели на Велес. Од особена важност е реализацијата на проекти во областа на:

-локалниот економски развој и инвестиционите програми;

-зајакнувањето на капацитетите во контекст на подобрување на услугите на граѓаните преку размена на позитивни искуства;

-Заштитата на животната средина;

-Урбанистичкото планирање;

-Спортот;

-Културата

2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

2.1. Генерална цел:

Продлабочување на меѓународната соработка и реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

2.1.1. Цели:

-Продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Реализација на заеднички активности и проекти;

-Зајакнување на капацитетите преку размена на искуства

-Можности за туристичка и економска презентација на Велес;

-Можности за креирање на поквалитетни и поефикасни услуги за граѓаните.

2.1.4.Целни групи

`-Сите граѓани на Велес и граѓаните на збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Градоначалниците, Советите на општините и менаџерските тимови во општините и градовите;

-Здруженија на граѓани;

-Бизнис –сектор;

-Медиуми;

-Потенцијални инвеститори;

-Меѓународни организации;

-Туристи и посетители

2.1.3 Активности

Продлабочувањето на меѓународната соработка ќе ги опфати следните активности:

-Продолжување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Велес со користење на можностите на глобалната Интернет мрежа;

-Организиран престој на делегации во Велес;

-Организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Организирање на средби и утврдување на конкретни активности;

-Аплицирање на заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

-Размена на искуства;

-Примена на стекнатите позитивни искуства;

-Организирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации;

2.1.5 Очекувани резултати

-Интензивирана комуникација со збратимените градови и градовите пријатели на Велес со користење на можностите на глобалната Интернет мрежа;

-Реализиран организиран престој на делегации во Велес;

-Реализирани организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Реализирани средби и утврдени конкретни активности;

-Поднесени аплицикации за заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси;

-Реализирана размена на искуства;

-Применети позитивни искуства;

-Зголемен број на потенцијални инвеститори;

-Реализирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации;

Очекувани продукти

-Зголемен број на иницијативи за продлабочување на соработката;

-Зголемен број на посети на делегации во Велес; (јавно достапни информации)

-Зголемен број на реализирани посети на делегации од Општина Велес во збратимените градови и градовите пријатели на Велес; (јавно достапни информации)

-Зголемен број на организирани средби и дискусии;(заклучоци, јавно достапни информации)

-Реализирани заеднички проекти;(проектна документација, конкретни активности)

-Применети искуства (јавно достапна документација и информации)

-Реализирани инвестиции (број на инвеститори)

-Реализирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации (јавно достапни информации)

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

На интензивирањето на меѓународната соработка покрај Градоначалникот и човечките ресурси во рамките на општинската администрација ќе учествува и Советот на Општината чии членови ќе бидат вклучени во взаемни посети и размена на искуства со збратимените градови и градовите пријатели на Велес.

Од особена важност е Советот на Општината активно да учествува со свои иницијативи во продлабочувањето на меѓународната соработка.

БУЏЕТ

ОПИС	**Предвидени средства** **Вкупно** МКД	Општина Велес	Други извори
• Организиран престој на делегации во Велес;	100.000		100.000
• Организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес;	100.000		100.000
• Подготовка за Аплицирање на заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси.	100.000		100.000
• Организирано учество на групи и поединци на значајни манифестации, саеми и работилници	100.000		100.000
• Поставување на информативни табли за збратимените градови и градовите пријатели на Велес	100.000		100.000
Вкупно	**500.000**		**500.000**

4. ОДРЖЛИВОСТ

Можноста за продлабочување на соработката и реализација на конкретни активности и проекти кои ќе обезбедат продлабочена меѓународна соработка, подобри услуги за граѓаните и ќе отворат можности за нови инвестиции одат во прилог на одржливоста на Програмата.

Секоја реализирана активност оди во прилог на бенефитот на граѓаните и можностите за интезивирање на развојот на локалната заедница што како повратен ефект ќе обезбеди дополнителни средства за одржливост на Програмата.

Број-07-5771/16
24.11.2008 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

272	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Велес**	**382**
	О Д Л У К А за верификација на мандат на член на Советот на Општина Велес	
273	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година**	**382**
	ОДЛУКА за измена и дополнување на Буџетот на Општина Велес за 2008 година	
274	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за управување и одржување на градските гробишта**	**443**
	ОДЛУКА за управување и одржување на градските гробишта	
275	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2009 година**	**444**
	З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2009 година	
	П РО Г Р А М А за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2009 година	
276	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година**	**446**
	З А К Л У Ч О К за донесување Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година	
	П Р О Г Р А М А ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО 2009 ГОДИНА	
277	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година**	**458**
	З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година	
	ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за2009 година	

Бр на акт **Страница**

278	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за зимско одржување на локалните патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за 2009 година** **П Р О Г Р А М А за зимско одржување на локални патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2008/2009 година**	**460**
279	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година** **ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година**	**465**
280	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2009 година** **П Р О Г Р А М А за обележување на годишнини на значајни настани и личности за 2009 година**	**473**
281	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година** **ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година**	**481**
282	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита за 2009 година** **ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2009 година**	**485**

Бр на акт **Страница**

283	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади за 2009 година** **ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2009 година**	**488**
284	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година** **ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2009 година**	**493**
285	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година** **З А К Л У Ч О Кза донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година** **П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2009 година**	**495**
286	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во обласата на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година** **ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2009 година**	**498**
287	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година** **З А К Л У Ч О Кза донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година** **ПРОГРАМАза активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2009 година**	**503**

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00